13.6.2024



V П1-86/24

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ,** како првостепен парничен суд преку судијата м-р.Јехона Садику како судија поединец, постапувајќи по правната работа на тужителот Ќани Несими од с.Доброште Тетово ул.101 бб, застапуван од полномошник адвокатско друштво Апостолски од Скопје, против тужените Исламска Верска Заедница на Република Северна Македонија Скопје со седиште на ул. Чаирска бр.52 и Селвер Џемаили од Тетово ул.155 бб, застапуван од Адвокат Фисник Јакупи од Гостивар, за ништовност на одлуки, со предлог за определување на времена мерка, вредност на спорот - 40.000,00 денари, по одржаното рочиште за времена мерка на ден 03.06.2024 година, во присуство на тужителот преку полномошник Михаил Премчевски, адвокат од Адвокатско друштво Апостолски од Скопје и тужените преку полномошник Фисник Јакупи адвокат од Гостивар, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УСВОЈУВА** предлогот на тужителот-предлагачот Ќани Несими од Тетово за донесување на привремена мерка за обезбедување на непарично побарување.

**СЕ ИЗРЕКУВА** привремена мерка за забрана на второтужениот - противникот да превзема дејствија што можат да му нанесат штета на Муфтиството на Исламска Верска Заедница на Република Северна Македонија - Скопје Организациона единица Муфтивство на ИВЗ на РСМ Тетово.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** ЦР на РСМ, по службена должност, да ја спроведе одлуката за издавање на привремена мерка во Регистарот на верски заедници и религиозни групи, а **СЕ ЗАДОЛЖУВА** првотужениот да трпи промени во делот на подружницата Организациона Единица Муфтивство на ИВЗ на РСМ Тетово во ЦР на РСМ.

Оваа привремена мерка трае до правосиолно завршување на посапката по овој предмет.

Оваа решение по службена должност да се спроведе и до Основен граѓански суд Скопје - Одделение за упис на цркви, верски заедници и религиозни групи.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Тужителот преку полномошник на ден 20.02.2024 година поднесе тужба со предлог за определување на привремена мерка до овој суд, против тужените, за ништовност на одлуки со посебен предлог за определување на привремена мерка, вредност на спорот - 40.000,00 денари.

Во тужбата наведено е дека тужителот е Мифтија на Муфтиството на Исламска Верска Заедница во Република Македонија Скопје Организациона единица Муфтиство на ИВЗ Тетово кое преставува подружница на Исламска Верска заедница на РСМ, видно од Историјат на промени на ИВЗ на РСМ Скопје и тековна состојба. На ден 08.11.2023 година, на незаконски одржана седница на Ријасетот на ИВЗ на РСМ, врз основа на чл.36 и 57 од Уставот, тужителот бил разрешен од функцијата Муфтија на Муфтисвото на ИВЗ Тетово, а на негово место за ВД Муфтија на истото Муфтиство, именуван бил д.р. Селвер Џемаили, кој воедно е одговорен за секторот за Диаспора на оваа муфтиство. За тужителот начинот на кој била спроведена постапката за негово

разрешување и именување на второтужениот за ВД Муфтија на Муфтиството на ИВЗ Тетово, е спротивна на Уставот на ИВЗ на РСМ, а допонително на незаконски начин е извршен упис на промена со бришење на тужителот од Регистарот на Верски заедници и религиозни групи при Централниот Регистар на РСМ, и упис на второтужениот како вршител на должност на истата функција за подружницата на ИВЗ на РСМ Тетово.

Наведено е дека ИВЗ на РСМ е уставна категорија, регулирана согласно чл.19 од Уставот на РСМ и амандманот VII од уставот на РСМ со кој се заменува ставот 3 и 4 на уставната одредба од членот 19, и дополнително, нејзината правна положба, внатрешната организаија, управување, хиерархија и надлежност, законски е уредена со Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група и согласно чл. 5 и чл. 7 од наведениот закон. Во таа смисла ИВЗ на РСМ како највисок нормативен акт во своето работење го има Уставот на ИВЗ на РСМ, со кој меѓу останатите прашања е регулиран и начинот на функционирање, оргаизирање и начинот на работа на органите и институциите на заедницата. Согласно чл. 24 од Уставот на ИВЗ од главата Организирање на ИВЗ, утврдено е дека органи на ИВЗ се: Муфтисвтото, Ријасетот, Реисул-Улема и Собрание. Членот 24а од Уставот ги уредува организациите и институциите на ИВЗ каде е наведено дека има 13 муфтиства, меѓу кои и тука именуваното Муфтиство на ИВЗ Тетово, каде е утврдена незаконитост во постапувањето на органите на ИВЗ како и два едукативни институции. Муфтиството на ИВЗ е основен орган на ИВЗ согласно со чл. 27 од Уставот, а согласно чл.31 од истиот акт со кој се уредуваат надлежностите на муфтиството, меѓу другото има надлежност да предлага именување и разрешување на службениците на муфтиството и да ги извршува одлуките на Ријасетот. Ријасетот на ИВЗ согласно чл.34 од уставот е орган кој одлучува за исламски прашања, а меѓу другото согласно ч.36 од Уставот на ИВЗ, извршува и именување на муфтиите како една од неговите надлежности.

Наведено е дека во конкретниот случај противуставноста на превземените дејствија кои аналогно на тоа повлекуват и ништовност на одлуки се состои во директна повреда на одредбите од чл.25, чл.29 и чл.30 од Уставот на ИВЗ на РСМ, заради флагрантно непочитување на одредбите при носење на споменатите одлуки како и воведување на непозната категорија во Уставот на ИВЗ - ВД Муфтија, која е дополнително незакоснки упишана во ЦР на РСМ-Регистар на верски заедници и религиозни групи. Загарантираното уставно право никој не може да го успорува и ограничува на основниот уставен орган на ИВЗ во конкретниот случај Муфтоството на ИВЗ Тетово која се преставува преку своите избрани членови на Муфтиството, а во конкрентиот случај е прекршено. Во конкретниот случај не се испочитувани предметните закоснки одредби, бидејќи нејасно е како тужените пред се со Одлуката за резрешување на тужителот, утврдиле противуставност во постапувањето на тужителот, констатирано со самата одлука, според чие образложение тој се разрешува заради спротивно работење на чл. 26, 29, 31 и 57 од Уставот на ИВЗ, без доказ за присуство на мнозинство членови на ријасетот, како и без доказ за мнозинтсо гласови со кои е одлучено по овие прашања, односо нема доказ дека за оваа одлука гласале 1/3 од вкупниот број на членови на ријасетот, согласно со именуваните одреби. Произлегува дека предметната одредба е донесена само административно, без запазување и спроведување на уставно уредената процедура. Во делот на именувањето на ВД Муфтија, покрај воведувањето на оваа неуставна категорија, се јавуваат дополнитено истите процедурални прашања за начинот на одлучивање, односно присуство, кворум и квалифицирано мнозинство за носење на одлуката, кои се можните кандидати за муфтија, врз основа на која уставна или друга одредба е воведена категорија ВД Муфтија, а дополнително ваквaа одлука е спротивна на член 29 став 1 точка 4 од Уставот на ИВЗ. Во оваа насока Муфтиството Тетово има задоволителен професионален дипломиран кадар кои ги исполнуваат сите уставни и законски услови за можни кандидати за Муфтија, па допонително се поставува прашањето зошно не е избран за Муфтија на подружницата во Тетово при вакви услови, и поставена е виртуела категорија ВД муфтија.

Наведено е дека Муфтиството на ИВЗ Тетово на ден 08.11.2023 година, навремено го известил Ријасетот и Реисул-Улема на ИВЗ дека одржување на Ријасетот без да биде повикан тетовскиот Муфтија како член на Ријасетот и како единствен легитимен преставник на Муфтиството на ИВЗ Тетово ја направи таквата седница на Ријасетот незаконска и нелигитимна. На ден 09.11.2023 година, на седница на Муфтиството е заклучено дека именувањето на ВД Муфтија е незаконска одлука, воедно се отфрла и одлуката за разрешување на проф.бр. Ќани Несими и истиот останува легитимен тетовски Муфтија. Истовремено на ден 09.11.2023 година Меџлисот на Муфтиството Тетово едногласно донесува одлука со која се бара проф.др. Ќани Несими да продолжи со својата работа како Тетовски Муфтиа, согласно претходните одлуки на Муфтиството на ИВЗ Тетово. На ден 13.11.2023 година Муфтоството на ИВЗ Тетово како основен уставен орган, има донесено одлука која се упатува до Ријасетот и Реисул-Уема на ИВЗ каде 11 - единаесет избрани членови на Муфтиството на ИВЗ Тетово, барале средба со Ресул-Улема на ИВЗ се со цел надминување на создадената сложена и тензина ситуација како разултат на незаконските одлуки кои се оспоруваат од страна на Муфтиството Тетово, за жал до таа средба не дошло, и оттука Муфтиството на ИВЗ Тетово останува цврсто и недвосмислено во својата конечна одлука со која се потврдува дека легитимен Муфтија на Муфтиството Тетово останува проф.др. Ќани Несими. Муфтистото на ИВЗ Тетово на седница на 05.12.2023 година свикана по барање на членовите на Муфтиството, уште еднаш едногласно донела конечна одлука со која како незаконска и неуставна се прогласува одлуката на Ријасетот и на Ресул - Улема бр.02-693 од 08.11.2023 година за именување на ВД Муфтија која е спротивно на чл.30 став 1 од Уставот на ИВЗ, и оваа одлука е ништовна и не може да произведува правно дејство. Муфтинството на ИВЗ Тетово како основен уставен орган на ИВЗ, определено е во ставот дека за Муфтија на Муфтиството Тетово е исклучиво загарантирано уставно право е на Муфтоството на ИВЗ Тетово, и во таа насока Муфтиството Тетово има свој конечен став кој е едногласен: Муфтија на ИВЗ Тетово е единствено тужителот Ќани Несими, и ова определена едногласна одлука мораат да ја почитуваат Ријасетот и Реисул-Улема. Исто така Муфтиството на ИВЗ Тетово едногласно е на ставот дека не ја признава и не ја прифаќа незаконската и неуставната одлука за именување на ВД Муфтија.

Во посебниот предог за определување на привремена мерка наведно е дека оваа времена мерка се побарува со оглед да протиуставноста на донесените одлуки, повлекува сериозна опасност во намошното незаконито постапување. Самиот факт што протиуставната одлука упатува на именување на ткн.ВД Муфтија на подружницата на ИВЗ Тетово, укажува исовремено на можноста за сериозни злоупотреби на оваа „Функција". Оваа, имајќи во предвид особено дека не постои никаков уставно загарантиран механизам за заштита, ниту пак јасно уставно поставени права и обврски на ваквата „функција", а аналогно на тоа за вака поставентата непостоечка функција, нема соодветно предвидени одговорности за евентуално противуставно постапување и преземање на дејствија надвор од уставно поставените правила на ИВЗ на РСМ, на лице кое извршува вака виртуена „функција". Со опстојувањето на второтужениот-противникот на вака нерегулиранта функција, се зголемува опасноста за превземање евентуални дејствија со кои може да предизвика значителна штета и злоупотреба на својата положба, а со тоа и да предизвика значителна штета на првотужениот односно на самата верска заедница. Оваа особено се зајакнува со фактот што тужителот, вршител на должност на оваа функција, би можел да ги злоупотреби надлежностите кои во реалност му припаѓат само на Муфтијата на ИВЗ Тетово (во услови на нерегулација на ваквата ВД функција), а ваквата реалност е очекувана имајќи во предвид дека според чл. 31 од Уставот на ИВЗ на РСМ Муфтијата е највисока верска личност на територијата на Муфтиството и го преставува територијата. Ги потпишува актите на Муфтиството и ги обврзува верските службеници на нивно извршување. Имајќи го во предвд флагрантното кршење на уставните одредби од Уставот на ИВЗ со именувањето на второтужениот -противникот, се јавува потенцијална опасност, на ист начин да се носат противуставни акти и одлуки во име на Муфтиството на ИВЗ Тетово, што има дополнително голема тежина ако се имат во предвид надлежностите на самото Муфтиство, опрерделени во уставната одредба од

чл.32 од Уставот на ИВЗ, а кои според чл.31 ВД Муфтијата би можел да ги потпишува и спроведува преку верските службеници. Во насока на овие околности кои ја оправдуваат потребата од донесување на привремена мерка, за што постои оправдана опасност, согласно со чл.35 од ЗОП, смета дека се исполнети законските услови за определување на привремена мерка се до правосилно завршување на постапката.

Тужените во одговор на тужба и одговор на предлог за издавање на привремена мерка примен во судот на ден 26.02.2024 година, истакна приговор по однос на рокот за поднесување на предметната тужба со предлог за издавање на привремена мерка, од причина што одлуките предмет на оваа постапка кои се оспоруваат донесени се на ден 08.11.2023 година додека предметната тужба е поднесена на ден 20.02.2024 година, а со тоа смета дека се поминати законските рокови за поднесување на тужба. Ги испорува тужбените наводи и тужбеното барање како и барањето за определување на привремена мерка со напомена дека истите се невистинити. Смета дека тужителот во тужбата направил клевета со тоа што седниците на Ријасетот ги нарекува како незаонски иако и самиот знае и свесен е дека истите се законски и во склоп на Уставот на ИВЗ на РСМ. Исламска Верска Заедница на РСМ е уставна категорија, регулирана согласно со член 19 од Уставот на РСМ и Амандманот VII од Уставот на РСМ, и дополнително нејзината правна положба е посебен закон lex specialis, односно Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група.

Наведено е дека во конкретниот случај станува збор за именувано и разрешувано лице од функција, а со тоа судот треба да го има во предвид и да постапува по одредата од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, односно членот 5. Во конкретниот случај предмет на тужбеното барање е ништовност на одлуки, со која тужителот се разрешува од функцијата Муфтија на Муфтиството Тетово на ИВЗ на РСМ. Имено, првотужениот е верска заедница чија приритетна дејност е дејности на верски заедници. Видно од горецитираниот чл. 5 од Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, се утврдува законското право на ИВЗ на РСМ и правичната и законската Одлука на Ријасетот на РСМ како орган кој согласно чл.57 од Уставот на ИВЗ на РСМ е орган кој донесува конечна одлука за суспендирање или за разрешување. Смета дека Ријасетот на ИВЗ на РСМ постапил согласно позитивните законски одредби во РСМ бидејќи по повлекувањето на Мурасела Муфтиството треба да предлага кандидати за муфтии, а периодот од повлекување на Мурасела (пономошно) од изброт на нов Муфтија се назначува ВД Муфтија кој постапува до изборот на новиот Муфтија, а согласно чл.29 ст.3 и 4 предвидуваат кои услови треба да се исполнуваат за да се биде Муфтија, додека во таа Муфтиство никој не ги исполнува условите од чл.29 ст.3 тогаш согласно истиот член 29 ст.4 се именува координатор. По однос на наводите дека одлуката за разрешување на тужителот е противуставна, дека нема доказ за присуства на мнозинство членови на Ријасетот, како и доказ за мнозинтсво гласови со кои е одлучено, односно немал доказ дека за одлуката гласале 1/3 од вкупниот број на членови на Ријасетот не се точни бидејќи како доказ доставува список на сите членови кои учествувале денот кога била донесена одлуката за разрешување на тужителот, а видно од истиот може да се утврди дека не седницата присуствувале 2/3 од членовите на Ријасетот и едногласно е разрешен тужитлеот и истата е во согласност со членот 25 од Уставот на ИВЗ на РСМ. Реисул-Улема на ИВЗ на РСМ има донесено Одлука за повлекување на Мурасела (полномошно) на лицето Ќани Несими за извршување на функцијата Муфтија на Муфтиството на ИВЗ Тетово согласно чл.43 ст.1 т.2 од Уставот на ИВЗ.

Наведено е дека муфтиството на ИВЗ Тетово на седница на 05.12.2023 година едногласно донел конечна одлука, со која незаконска и неуставна се прогласува одлуката на Ријасетот и на Реисул-Улема бр.02-693 од 08.11.2023 година, за именување на новиот Муфтија Селвер Џемаили и оваа одлука е ништовна и не може да произведува никакво правно дејство од следните причини: Муфтиството на ИВЗ Тетово е подружница и понизок орган во хиерархијата на делување на ИВЗ и согласно Уставот на ИВЗ на РСМ

истата по ниту еден член од Уставот на ИВЗ, нема право и не може да оспорува Одлука на највисокиот орган т.е. Ријасетот на ИВЗ, туку согласно Уставот на ИВЗ на РСМ чл.31 ст.1.т.1 „Муфтиство:- ги извршува одлуките на Ријасетот и на највисоките органи на ИВЗ." Видно од списите и списокот на потпишани присутни во седницата на Муфтоство Тетово учесвувал неовластено и неповикано лице Ќани Несими. Укажува дека по донесување на одлуката за разрешување на лицето Ќани Несими и поставувањето на нов Муфтија на Муфтиство Тетово, Селвер Џемаили, сите донесени и потпишани одлуки од бившиот Муфтија Ќани Несими се незаконити и немаат правна - законска сила. Со таквите превземени дејствија лицето Ќани Несими сторил кривични дела.

Смета дека судот ќе оцени дека предлогот за определување на привремена мерка е неоснован и судот како таков ќе го одбие од причина што од гореизнесеното произлегува неоснованоста на предлогот за определување на привремена мерка со оглед дека смета дека одлуките се донесени согласно со Уставот на ИВЗ на РСМ, се постапувал според одредби кои се соодветни за оваа правна работа и поради тоа со превземените дејствија на ИВЗ на РСМ не може и не му е нанесена штета на тужителот, или пак има настанување на ненадоместлива штета, видно од тоа дека истиот не бил во редовен работен одос туку Функцијата Муфтија на Муфтиство на ИВЗ Тетово го изврил согласно Мурасела (полномошно) за извршување на таа функција, па со оглед на фактот дека Мураселата (полномошното) му е одземена не може да го изврши таа функција. Од страна на првотужениот не се превземени дејствија со кои може да му се нанесе ненадоместлива штета на тужителот, односно смета дека не се исполнети условите за определување на привремена мерка предвидени во чл.35 и 36 од ЗОП.

Судот постапувајќи по предлогот на тужителот за определување на привремена мерка закажа рочиште за времена мерка на ден 03.06.2024 година на кое рочиште тужителот преку поолномошник наведе дека останува во целост кон предлогот за издвање на времена мерка, предложените докази, како и наводите истакнати во досегашниот тек на постапката, со предлог судот да го усвои предлогот за издавање на времена мерка.

Полномошникот на тужените наведе дека останува во целост кон одговорот на предлогот за издвање на времена мерка, предложените докази, како и наводите истакнати во досегашниот тек на постапката, со предлог судот да го одбие како неоснован предлогот за издавање на времена мерка.

Судот од увидот на списите во предметот, истакнатото тужбено барање како и предлогот за определување на привремена мерка како и одговорот на тужба со предлог за издавање на привремена мерка, оцени дека предлогот за определување на привремена мерка е основан од следните причини:

Имено според чл.35 од Законот за обезбедување на побарувањата: 1)За обезбедување на непарично побарување може да се дозволи привремена мерка ако доверителот го сторил веројатно постоењето на побарувањето и опасноста дека инаку остварувањето на побарувањето ќе се осуети или значително отежне. 2) Привремена мерка може да се дозволи и кога доверителот стори веројатно дека мерката е потребна за да се спречи употреба на сила или настанување на ненадоместлива штета. 3) Одредбите од членот 33 ставови (2) и (3) на овој закон се применуваат и на привремената мерка за обезбдеување на непарично побарување.

Според чл.35 од наведениот закон - За обезбедување на непарично побарување може да се дозволи секоја мерка со која се постигнува целта на таквото обезбедување, а особено: забрана на оттуѓување и оптоварување на подвижни предмети кон кои е насочено побарувањето, како и чување на тие предмети; забрана на оттуѓување и оптоварување на недвижост кон која е насочено побарувањето, со прибелешка на забрана во јавна книга; забрана на должникот да презема дејствија што можат да му

нанесат штета на доверителот, како и забрана да се извршат промени на предметите кон кои е насочео побарувањето; забрана на должниковиот должник на должникот да му ги предаде предметите кон кои е насочено побарувањето и плаќање на надоместок на плата на работникот за време на спор заради незаконитост на одлуката за престанување на работниот однос, ако е тоа неопходно за негова издршка и издршката не лицата кои според законот е должен да ги издржува.

Судот имајќи ги во предвид цитираните закосnки одредби а како и фактот да од увидот во списите на предметот произлезе дека на седницата на Ријасетот на ИВЗ на РСМ одржана на ден 08.11.2023 година тужителот кој тогаш извршувал функција Муфтија на Муфтивство на ИВЗ на РСМ Тетово, не бил повикан и истиот не присуствувал, а воедно на наведената седница тужителот бил разрешен од фунцијата Муфтија на Муфтивтсто на ИВЗ на РСМ Тетово, а бил именуван како вд.Муфтија на Муфтиство на ИВЗ на РСМ Тетово д.р. Селвер Џемаили, иако биле должни да го викат да прусутвува не седницата на Ријасетот. Оваа дотолку повеќе што видно од чл. 26 од Уставот на ИВЗ на РСМ - На седниците на органите, институциите и здруженијата на ИВЗ задолжително се повикуваат преставниците на Ријасетот на ИВЗ нешто кое во конкретниот случај не е сторено.

Основаноста на предлогот на тужителот за определување на привремена мерка произлегува и од чл.24 од Уставот на ИВЗ на РСМ каде е предвидено дека органите на Исламска верска заеднива се: Муфтивство, Ријасетот, Реисул-Улема и Собрание, додека во одредбите од чл.27 до чл. 33 од Уставот на ИВЗ на РСМ се предвидени права, обврски и одговорности на Муфтиство како орган на ИВЗ и Муфтијата како овластерно лице на определено Муфтиство но не се предвидени права, обврски и одговорности на в.д. Муфтија. Оваа дотолку повеќе што втротужениот д.р. Селвер Џемаили е назначен како в.д. Муфтија на Муфтиството на ИВЗ Тетово.

Судот при одлучувањето за определување на времена мерка ценеше дека тужителот го стори веројатно постоењето на своето побарување а воедно дека со определувањето на привремената мерка ќе се забрани потенцијалона опасност да му се нанесе евентуална штета на Муфтиството на ИВЗ на РСМ Тетово во случај кога во Уставот на ИВЗ на РСМ не се предвивдени права, обврски и одговорности на в.д. Муфтија, а како и тоа да со определувањето на приврменаta мерка нема да се нанесе штета на тужените.

Со оглед на гореизнесеното се одлучи како во изреката на оваа одлука.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**V.П1.бр.86/24 од 03.06.2024 година.**

**С у д и ј а,**
**M.r. Jehona Sadiku sr.**

Верно со оригиналот-потврдува

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение незадоволната странка има право на жалба, во рок од 3 дена по приемот на истата, преку овој суд до Апелационен суд Скопје.

**Д.Н.:** - за тужителот на полномошник Адвокатско друштво Апостолски од Скопје - електронска достава
- за тужените полномошник Фисник Јакупи адвокат од Гостивар - електронска достава
- на Одделение за упис на цркви, верски заедници и религиозни групи - тука

**С у д и ј а,**